# ROMAN ORATORS

**Robert Dauti**
Faculty of Law "Iustinianus Primus", Skopje, N. Macedonia, robertdauti@outlook.com

**Abstract:** A characteristic feature of the Roman period in terms of legal rhetoric is the rapid development of laws, their codification and the establishment of procedures. Thus, during the Roman Republic, legal procedures were advanced and legal rhetoric became an important part of the judiciary. Legal rhetoric has become an important part of the work of lawyers who used rhetoric to persuade judges and the public during litigation.
Legal rhetoric has also been part of the lawmaking process, through discussions and arguments about the laws. At that time rhetoric was also included in forensics which proved the need argue laws.
The most important period of Roman rhetoric includes the period of Cicero who was also a revolutionary of modern rhetoric. He developed the rhetoric and defined the basic criteria that a lawyer had to have in order to be successful in his work, because much of the legal process in ancient Rome depended on the rhetoric used by lawyers.
**Keywords:** Rhetoric, Judicial Rhetoric, Ancient Rome, Ciceron

# РИМСКИ ОРАТОРИ

**Роберт Даути**
Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје, С. Македонија, robertdauti@outlook.com

**Резиме:** Карактеристична особина на римскиот период во однос на правната реторика е брзиот развој на законите, нивна кодификација и воспоставување процедури. Така, за време на Римската Република, правните процедури биле напредувани и правната реторика станала важен дел од судството. Правната реторика станала важен дел од работата на адвокатите кои користеле реторика за да ги убедат судиите и јавноста за време на парницата.Правната реторика исто така била дел од процесот на донесување закони, преку дискусии и аргументирање околу законите. Во тоа време реториката била застапена и во форензиката преку која била докажувана потребата од аргументирање на законите.Најважниот период на римската реторика несомнено е времето на Цицерон кој бил револуционер на модерната реторика. Тој ја развил реториката и ги дефинирал основните критериуми што мора да ги има еден правник (или адвокат) за да биде успешен во својата работа, затоа што голем дел од правниот процес во антички Рим зависел од реториката што ја користеле адвокатите.
**Клучни зборови** : Реторика, Судска реторика, Стариот Рим, Цицерон

## 1. ВОВЕД

Право, тврди Герлад Уетлауфер, тоа е самата професија на реторика. Тоа е професија на зборови: Еднаш изречена, овие описи на правото изгледаат вообичаени. Тие претпоставуваат познати слики од нејасни правни жаргони и евокации на понекогаш апсурдната преокупација на правото со формата над материјата. Во исто време, сепак, тие немируваат и вознемируваат вознемиреност кај некои главни општествени научници, традиционални правници и конвенционални правни научници. Тие не потсетуваат на сите нас дека правото никогаш не може да избега од сложеноста и непрецизноста, како и од ветувањето и моќта на самиот јазик.
Ваквите набудувања за реториката на правото се чини дека го олеснуваат правото премногу лесно со отстранување на прашањето за правда. Зарем законот не треба да биде второстепеност на правдата "? И додека законот може да биде професија на зборови и реторика, лихтичката посебна реторика опфатена со закон работи преку систематско негирање дека е реторика". Оттука, се чини дека да се инсистира на важноста на реториката на правото е да се потенцира опозицијата со концептот на правото за себе.
Зборувањето за правото како професија на реторика „се чинеше, на прв поглед, да застане во строга спротивност на ставот дека правото е професија на моќ, команда на суверениот поткрепен со санкција или тој закон е професија на правила. Сепак, и двете од овие идеи зависат од јазикот, од вербалните или пишаните искази.Командите и правилата, иако се различни на многу начини, секоја од нив е сигнализирана со зборови - на пример, мора, треба, треба - дека треба да се потребни одредени форми на однесување.Но, признавањето на правото како професија на реторика "значи повеќе отколку да се напомене дека карактерно не насочува преку јазикот и дека неговата употреба на јазик се пресметува како убедлива. Правото не само што е суров во својата верозност; Покрај тоа, таа слави, и догматски инсистира на, правилно и прецизно

формулирање на човечките желби со зборови. Не повикува да ги имаме предвид драматичните последици што често ги придружуваат необичните јазични формулации на правото. Како што рече Роберт Корит, толкувањето на ИлЛегал игра на полето на болка и смрт: „оној закон, тогаш, е фаза за прикажување вербална вештина, јазична виртуозност и убедлив аргумент во кој зборовите преземаат сериозност, практично, неспоредлива во која било друг домен на човечко искуство.[3]

Реториката како обично говорништво се јавила паралелно со развојот на човештвото. Невозможно е прецизно да се утврди кога луѓето првпат го користеле искажаниот збор како сретство за убедување. Древните народи ја практикувале реториката како и современиците денес,во политиката,правото,за воени цели,во образованието итн. За да може подобро да се разбере еден оратор треба да се имаат предвид и другите историски околности, државата од која потекнува, народите, културите, политички правни воени и културни околности. Ораторот и неговите дела биле рожба на своето време и на неговите особености.[4]

Се смета дека реториката стигнала во Рим во вториот век пред нашата ера од Хелада. Одттаму била пренесена од реторичари и претставници на различни филозофски струи. Но, и пред тоа, постоело одреден вид говорништво. Се практикувале погребни говори кои се сметаат за почеток на римската реторика. Овие говори биле од аристократските церемонии, а погребниот говор го држел најблискиот сродник на починатиот во присуството на целиот генс.[5]

Во римското општество била нагласана врската помеѓу реториката и правото.Правниците знаеле реторика, а реторичарите знаеле за правото. Помеѓу нив постоело соработка, но и конкуренција. Според Цицерон, честопати говорниците се обраќале кај правниците за совет. Според Квинтилијан, на правото се одавале оние што немале дарба за говорништво, но Крас сметал дека државата почива на правниците, а не на говорниците.[6]

## 2. РИМСКИ ОРАТОРИ

Римскиот период и римската цивилизација биле потомци на античка Грција и, следствено, наследени од грчката култура. Ова наследство се рефлектира и во реториката. Реториката на антички Рим е тесно поврзана со филозофијата, но и со правото. Отпрвин беше во контекст на политиката, но подоцна продолжи да се развива како реторика на војната како последица на состојбата, каде Рим како освојувачки император беше во постојана војна.

Знаејќи дека правдата имала голем развој во времето на антички Рим, нужно, реториката е дел од правото. Податоци за реторика во антички Рим, според теоретски извори, може да се најдат кај филозофите и политичарите од тоа време, вклучувајќи ги: Цицерон, Гај Гракх, Марко Фабиј Квинтилијан, Тацит, Лукијан и други. Следното истражување ќе биде спроведено во студијата на овие римски оратори, за да се осветли хипотезата изнесена погоре.

### 2.1. Цицерон

Цицерон е најпознатиот римски оратор. Според мислењата на голем број видни проучуваци, тој е првиот и последен автентичен римски совршен говорник. Цицерон сета своја младост ја посветил на своето образование и знаење проучувајчи на правото, реториката, лингвистиката, и филозофијата. Тој сметал дека реториката е родена од говорништвото. Од над 100 цицеронови говори до денес се зачувани 58. Интересно е дека тој милувал да ги објавува своите говори, тие се сведоци за неговата ораторска величина.

Тој имал дефанзивни и офанзивни говори: 1. Дефанзивни: одбраната на Квинт Лигариј, е специфично, дека Лигариј бил обвинет за предавство лично од страна на диктаторот Цезар. Цицерон во овој случај се определил да не ја негира вината на неговиот клиент, туку да моли, да бара прошка за она што го сторил Лигариј. Како во многу случаи и овде Цицерон успеа, затоа што Квинт Лигариј се ослободил. Освен овај случај Цицерон имал и други дефанзивни говори на пример: одбраната на Росциј од Америн, одбраната на Тулиј, одбраната на поетот Аркиј и други. 2. Офанзивни: Во овие видови на говори исто така имал но помалце на пример го имаме офанзивните говори против Вер, и офанзивните говори против Катилина. Од сето ова може да се рече дека Цицерон без конкуренција е најпознатиот светски говорник, филозоф, адвокат, државник од областа на латинската литература.[7]

---

[3] Sarat, Austin; Kearns, Thomas, Rhetoric of Law, The university of Michigan Press, 1996, pg. 10-11

[4] Андоновски, Јован, Реторика, Арс-Ламина публикации, Скопје, 2018, стр.21

[5] Ибидем, стр.80

[6] Ибидем, стр.83

[7] Поленак, Мирјана-Аќимовска; Бучковски, Владо; Наумовски, Гоце; Апасиев, Димитар; Андоновски, Јован; Реторика историски и современи аспекти, Арс-Ламина Публикации, Скопје, 2019, стр.92-114

**2.2. Гај Гракх**

Гај Гракх, роден во Рим, за него Цицерон најлаткоречив оратор на римската реторика. Како оратор имал силен глас, а настапот му бил енергичен, емотивен и ефектен, и искрен во во кажаното. Кај Гај Гракх има и еден пример каде ја застапувал својата мајка, Корнелија од нападите на некој познат несреден човек. Гај заедно со неговиот брат, направил обид за земјоделска реформа во Рим. Неговиот брат Тибериј Гракх бил определен како оратор- атицист значи умерен, а кај Гај Гракх бил азианист, односно емотивен и патетичен.[8]

**2.3. Марко Фабиј Квинтилијан**

Марко Фабиј Квинтилијан за него може да се каже дека бил професор по реторика во Рим. По владеењето на Нерон, Квинтилијан се обидел да ја рехабилитира западната реторика. Сметал дека реториката доживеала пад поради декламациите на ораторските школи. Тој е автор на „De institutione oratoria’’ - „За образованието на ораторот’’, учебник по реторика, најпознатиот во целата историја на реториката. Книгата се состоел од теоретски , педагошки и практичен поглед на говорништвото. Тој сметал дека надарениот човек може да стане просечен оратор, а само образованиот човек може да постигне совршенство. Квинтилијан им давал подеднакво значење на пишаниот текст и на усниот говор. Во книгата се расправа и за тоа каков треба да биде учителот, каков ученикот, кои знаења треба да ги има, и кога треба да се почне говор. Квинтилијан посветува големо значење на моралот на говорникот, за кого смета дека мора да биде чесен и угледен. Според него професорот треба да биде како родител, за учениците да го сакаат и да го слушаат. Квинтилијан реториката ја сметал за вештина, или наука за добро говорење.[9]

**2.4. Тацит**

Тацит бил историчар, но се занимавал со важни прашања од реториката во делото „ Разговор за говорниците’’. Тој бил критичар на политичките промени. Во однос помеѓу поезијата и реториката, предност давал на реториката. Сметал дека говорот мора да биде тече, чист и сублимиран, затоа што добрите говори предизвикуваат убави чуства кај граѓаните. Констатирал дека духот на секоја епоха и различниот вкус на слушателите предизвикува промени кај реториката.[10]

**2.5. Лукијан**

Лукијан многу добро го владеел хеленскиот и латинскиот јазик. Тој учел кај познатите оратори Поломен и Скопелијан во Јапонија. Работел и како адвокат во Антиохија. Подоцна го насочил вниманието кон реторика, и како оратор патувал во разни земји. Тој добивал многу пари и стана мајстор на кажаниот збор. Стана мајстор на пофалните зборови и на декламациите. Лукијан создал нова форма- сатиричен дијалог, исполнувајќи го со хумор, со тоа правејќи го поблизок со народот. Станал и императорски судски чиновник во Египет, со што продолжил да се занимава со реториката. Дел од неговите говори може да се најдат во книгата „ Сатири и пародии’’.[11]

## 3. ЗАКЛУЧОК

Во римско време, реториката во голема мерка ја практикувале адвокатите, кои биле инспирирани од реторичката практика на водичот. Во тоа време, поважно беше да се убеди јавноста отколку доброто управување со докази и тоа беше аспектот што му даде особено значење на реториката. Осврнувајќи се на Цицерон, повеќето законски пресуди зависеа од публиката во моментот и значаен дел од работењето на адвокатот се состоеше од ставот и изгледот на адвокатот.

Успехот на адвокатите во Рим се карактеризираше со признавање на реторички техники, заедно со неговиот талент. Неговата способност мораше да биде надополнета со приказ што наметнуваше авторитет, труд, убедливо расудување и етика.

Покрај оралната реторика, во голема мера се развива и литературната реторика, што имаше голем ефект врз отстранувањето на законите од меморијата на моќните лица и стабилизирањето на истите. Дури и пишувањето на судски правила станало додаток на римските вредности во тоа време. Ова го искористи и Цицерон кој разви ваков вид реторика за да рафинира правни аргументи и ова му помогна да изгради кариера во тоа време знаејќи дека нема благородна позадина или воена обука. Цицерон рече дека правдата не е цел само по себе, туку механизам за одржување на редот во општеството. Подоцна, неговата реторика презеде литературна конотација и не се користеше во парница по неговиот период, но нејзиното влијание врз реториката и законот беше многу важно за Коен, но и за историјата на судската реторика воопшто.

---

[8] Андоновски, Јован, Реторика, Арс-Ламина публикации, Скопје, 2018, стр.86-88
[9] Ибидем, стр.101-105
[10] Ибидем, стр.106
[11] Ибидем, стр.115

**ЛИТЕРАТУРА**

Андоновски, Ј. (2018). Реторика, Арс-Ламина публикации, Скопје
Аристотел. (2002). Реторика. Прев. Од старогрчки Весна Томовска. Скопје,Македонска книга
Поленак, М.-А., Бучковски, В., Наумовски, Г., Апасиев, Д., Андоновски, Ј. (2019). Реторика историски и современи аспекти, Арс-Ламина Публикации, Скопје
Dominik, W., & Hall, J. (2010). A Companion to Roman Rhetoric. West Sussex: UK, Wiley Blackwell
Hohmann, H. (2000). Rhetoric and Dialectic: Some Historical and Legal Perspectives. CA: San Jose, Kluwer Academic Publisher
Ivanji, I. (1953). Razgovori o vestini govornistva ( Retorika). Novi Sad: IP Bratstvo-Jedinstvo
Nichols, P. M. (2012). Aristotles Defense of Rhetoric. Cambridge:MA, Cambrigde University press
Olmsted, W. (2006). Rhetoric, An Historical Introduction. Hoboken, NJ: Blackwell Publishing
Reboul, O. (1991). Introduction a la rhetorique- Theorie at practique. Paris:PUF
Sarat, A., & Kearns, T. (n.d). Rhetoric of Law, The university of Michigan Press,
Selmani, B. (2014). Retorika dhe arti I te folurit ne public, Universiteti Shteteror I Tetoves, Maj
Slovic, D. (2012). Sudska Retorika, Beograd:Kultura